Скопје, 19 мај 2011

***По повод: Актуелната политичка ситуација и предвремените парламентарни избори во Република Македонија***

Раководството на „Бугарскиот културен клуб" – Скопје (БККС) изразува длабока загриженост во врска со актуелната политичка ситуација и ги определува предвремените парламентарни избори како клучни за иднината на Република Македонија.

Веќе дваесет години во Р. Македонија недостига визија за реално раскинување со наталожените проблеми и практики од поранешниот југословенски тоталитарен систем. Р. Македонија е една од последните земји во Европа во која не е извршена целосна демократизација на општествениот живот. Сè уште не е направена критична оценка на југословенското минато, не се расчистени тоталитарните идеологеми и симболи и не се дозволува критичка оценка на историјата (вештачки наложена за време на југословенскиот комунистички режим). Дури не е започнат ни процесот на лустрација, со тоа што луѓе од репресивните структури на тајните служби на стариот режим, сè уште се на влијателни општествени позиции.

Неизвршената вистинска демократизација е во основата, како на сите внатрешни проблеми, така и на постојаните конфликти со соседите, што е фундаментална пречка за интеграцијата на Р. Македонија во евро-атлантските структури. Веќе дваесет години ниту една политичка сила немаше капацитет или желба да ги започне и изврши овие промени за да го расчисти патот на Р. Македонија кон нејзино вистинското демократизирање и премин кон модерно општество, кое е свесно за своето минато и има единствена визија за својата иднина.

Замената на евро-атлантската иднина со отворена рејугословенизација, „антиквизација", изолационистички менталитет и продлабочување на економската криза, уште повеќе го намалува ограничениот внатрешен политички потенцијал на земјата за контролирање на одредени процеси. Тоа може да доведе до опасност од драматичен развој на меѓуетничките односи, со тешки последици за интегритетот на државата и стабилноста во целиот регион.

Во врска со претстојните предвремени парламентарни избори убедени сме дека македонската јавност има право да знае кои политички субјекти имаат искрена желба да работат за демократизација и европеизација на Р. Македонија. Тоа би било

БУГАРСКИ КУЛТУРЕН КЛУБ

востановено со поддршка на декларацијата на БККС (приложена кон ова писмо), која е изготвена врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент за напредокот на земјата за 2010 година и Извештајот за човечки права на американскиот Стејт департмент. БККС излегува со оваа декларација и ги повикува политичките партии да ја потпишат пред изборите, со што декларираат дека ќе се сообразат со нејзините препораки, а индиректно и со препораките на Европскиот парламент и американскиот Стејт департмент.

Несогласувањето да се поддржи следната декларација и одбивањето по изборите тие точки да бидат исполнети од страна на новата влада би сигнализирало дека предметните политички субјекти намерно работат против демократијата (со продолжување на југословенското тоталитарно минато), како и за оддалечување на Р. Македонија од евро-атлантскиот цивилизационен избор. Тоа ќе биде важен сигнал, БККС да ги информира своите евро-атлантски партнери за продолжувањето на манипулациите со македонските гласачи и да започне да размислува за евентуален сопствен политички ангажман во иднина, со единствена цел да помогне за зачувување на интегритетот, демократизацијата и благосостојбата на сите граѓани на Р. Македонија, вклучувајќи ги и илјадниците граѓани, кои по распадот на Титова Југославија ја обновуваат бугарската етничка припадност, но немаат соодветен политички субјект низ кој ќе ги препознаат своите барања и стремежи за нормален европски развој.

Со почит,

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ Бугарски Културен Клуб СКОПЈЕ

**Лазар Младенов**
Претседател на БККС

***Прилог:*** *Декларација за демократизација и интеграција на Р. Македонија во евро-атлантските структури*

Здружение на граѓани „Бугарски културен клуб“ - Скопје
E-mail: contact@bkks.org
Интернет страница: www.bkks.org